**20190320573**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 29 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.238/18), член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија” бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18 и 27/19), член 51 од Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија” бр.24/06, 88/08, 31/10, 36/11, 53/11, 93/13, 99/13, 164/13, 151/14, 193/15, 213/15 и 39/16), член 12 од Законот за виното („Службен весник на Република Македонија” бр.50/10, 53/11, 6/12, 23/13, 106/13, 188/13, 149/15, 39/16 и 172/16) и член 66 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија” бр.7/08, 116/10, 23/13, 149/15 и 39/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 7.2.2019 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2019 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.29/19,) во делот I став 1 во табелата во мерка 1 износот „2.000.000.000 “ се заменува со износот „1.880.000.000 “.

По мерката 8 се додава нова мерка 8-а која гласи:

| | | |
|---|---|---|
| 8-а | Дополнителна помош за продадено-неплатено винско грозје во период од 15 август 2014 година до 15 ноември 2016 година | 120.000.000 |

II

Во делот II износот „2.000.000.000 “ се заменува со износот „1.880.000.000 “.

III

По делот IX се додава нов дел IX-а кој гласи:

„Средствата од дел I мерка 8-а од оваа програма во износ од „120.000.000 “ ќе се исплатат за дополнителна помош за продадено-неплатено винско грозје согласно Одлуката за утврдување на дополнителна помош како мерка за исплата за продадено винско грозје („Службен весник на Република Македонија“ бр.32/19).

IV

Во делот XII по ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Корисници на дополнителната помош од дел I мерка 8-а од оваа програма се земјоделски стопанства како производители на винско грозје кои биле корисници на мерка од годишната програма за финансиска подршка во земјоделството во периодот од 2014 до 2016 година и кои го продале винското грозје на регистриран откупувач во период од 15 август 2014 до 15 ноември 2016 година.“

V

Во делот XIV во табелата по колоната 8 се додава нова колона 8-а која гласи:

| | | |
|---|---|---|
| 8-а | | февруари 2019 |

VI

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 45-1206/1
7 февруари 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.